F -Урбанистичко планирање и уредување на просторот
J - Комунални дејности
K - Култура
L - Спорт
M - Социјална заштита и заштита на децата
N - Образование
W - Противпожарна заштита

3.1.А – Совет на општина

Во Буџетот на Општина Велес за програмата на А - Совет на Општина од планираните 5.751.784 денари реализирани се 3.928.117 денари.

Советот на Општина Велес во 2006 година одржа 23 работни седници. За работењето на членовите на советот во 2006 година на име надоместоци, патни и дневни расходи исплатени се 2.262.527 денари, односно 57,6 % од вкупната реализација.

Остатокот се однесува за тековните резерви и трансфери до невладини организации.

3.1.Д – Градоначалник

Од планираните 1.579.787 денари во програмата на Градоначалник реализиранин се 1.303.673 .

Најголем дел се однесуваат за исплатени плати и надоместоци од плати во износ од 900.187 денари. Остатокот од средствата се исплатени на име патни и дневни трошоци и комунални услуги, комуникации и транспорт.

3.3. Е – Општинска администрација

Во вкупниот Буџет на Општина Велес за реализација на оваа програма беа предвидени средства во износ од 39.186.130 денари, а се реализирани 32.170.455 денари.

Најголем дел се однесува за исплатени плати и надоместоци од плати за вработените во општинската администрација, на име договорни услуги за членовите на Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот на граѓаните на Општина Велес, комунални услуги , греење , комуникација и транспорт.

Во истата програма за капитални расходи реализирани се средства во износ од 11.599.050 денари за опрема и реконструкција на салата за седници, санитарниот чвор во општината , Ликовниот салон како и набавка на мебел и моторни возила.

3.4. Г- Локален економски развој

Во текот на 2006 година, согласно усвоената Програма за ЛЕР од страна на Советот на Општина Велес, реализирани се следните активности:

1.Во соработка со ГТЗ обезбедени се сите неопходни финансиски средства и изработен е документ „Проценка на локалната заедница“.

2.Во рамки на Програмата за развој на ОН – УНДП реализирана е првата фаза од проектот за ангажирање на волонтери EMY – I.

3.Во рамки на новоотвореният Ликовен салон реконструиран е простор кој оваа година ќе биде доопремен за потребите на туристичко – информативното биро.

4.Во соработка со Програмата за помош на САД – УСАИД реализирана е обука за поттикнување и започнување со домашни и семејни бизниси.

Реализирани проекти во делот на ИТ:

1.Сала за електронско одвивање на седниците на Советот на Општина Велес со апликативно решение.

2.Дисперзирана канцеларија на Општина Велес во Горно Оризари со воспоставена безжична информатичко – комуникациска врска.

3.Англиска верзија на www.veles.gov.mk

4.Во рамки на Проектот за Интегрирана подршка на УСАИД имплементирани се нови апликативни системи за: ГИС, финансиски менаџмент, администрирање со даноци и електронски јавни набавки.

5.Комплетно е комуникациски и мрежно опремен Граѓанскиот сервис центар и новите канцеларии на општината.

6.Креиран е регистер за потребите на образовниот систем и база на податоци за потребите на сообраќајната и комуналната инспекција.

7.Комплетна изведба на мрежни системи во новите простории на: ОСУ „Јовче Тесличков“ и ООУ „Блаже Коневски“ (со кои се овозможи интеграција на ООУ „трајко Андреев“)

Тековни активности:

1.Одржување на сите системи, мрежната инфраструктура, интернет конекциите, заштита на податоците и нивни back – up.

2.Поддршка на вработените во делот на имплементацијата и користењето на апликативните решенија.

3.Редовно ажурирање на информациите на официјалната web страна на општината.

4.Подршка на сите манифестации организирани од страна на општината.

5.Извршена е надградба на телефонската централа и инсталиран систем за евиденција на работно време,

6.Учество на конференции и трибини организирани на државно ниво од домашни и странски покровители.

Најголемиот дел од предвидените финансиски средства за реализиацијата на предвидените активности во Програмата се обезбедени од страна на странските партнери на Општина Велес, затоа од планираните 200.000 денари во буџетот реализирани се само 38.456 денари.

3.5.Ф - Урбанистичко планирање и уредување на просторот

За реализација на Програмата за урбанистичко планирање и уредување на просторот предвидени се 20.323.960 денари а реализирани се 15.557.028 денари. Извршувањето на оваа програма се одвиваше по следните позиции (потпрограми)

Позиција Ф1 Урбано планирање .

Во оваа ставка се изработија следните планови: :Генерален план за град Велес, измена и дополна на ДУП за УЗ “Трајче Панов“ - Младински парк, измена и дополна на ДУП за дел од населба Керамидна и ДУП за локалитет Тунел 2, урбана единица 12, дел од блок 58 и 59. Се изработија основни проекти за инфраструктура во Индустриска зона Речани 2 – “Лозар“, основен проект за продолжување на трасата на колекторот кон с. Новачани .

Позиција Ф2 Одржување на улици .

Во оваа позиција се изврши асвалтирање на улиците: “Васил Ѓоргов“ (дел) , “Благој Ѓорев“ (од Ерик до пошта), “8-ма Велешка“, обиколен пат “Велес- Башино“ село (дел), “Ленинова“ , “Петре Прличков“, за такси станица и прередување на камени коцки .

Непредвидените работи при реализација на оваа позиција се однесуваат на изместување на подземни инсталации за кои нема подземен катастар или усогласување на бетонски шахти со нивото на улиците

Позиција Ф3 Уредување на простор во рурални подрачја

Во оваа позиција се извршиа уредување на плоштадот во с.Г. Оризари, плоштадка во с. Сојаклари, патека во школскиот двор и спортски терен во с. Сливник, спортски терен во с. Бузалково

Позиција ФА/1 Уредување на плоштади.

Во оваа позиција се изврши: уредување на паркот на хероите , се изгради фонтана на ул. “Благој Ѓорев“ на спојот со ул. “Народен форонт “, се прошири тротоарот кај новата фонтана (Кенгур).Проширувањето се направи на сметка на лентата за исклучување и постојното островче кои биле во функција на двонасочниот сообраќај .

Бидејќи оваа функција е исклучена со сегашниот режим на сообраќај овој простор треба да им се даде на пешаците.Се изврши преместување на подземни инсталации кои се неопходни за ставање во функција на Ликовниот салон и фонтаната како и поставување на хидрантска мрежа за наводнување на тревните површини во паркот и поставување на сливник за одвод на атмосферската вода.

Позиција ФА/2 Изградба на водоводна , фекална и атмосферска канализација.

Предвидените средства во оваа позиција за изградба на фекална канализација во с. Сојаклари се обезбедени од Конкурсот на Владата на РМ за изградба на водоводи и канализации, оваа годината се реализираа позицијата фекална канализација во Речани 2 и се отпочна со доизградбата на колекторот кон село Новачани. Ставката за изградба на атмосферски канал во месноста „Рамина“ и отстранување на шут не се искористи бидејќи одводнувањето на атмосферските води се реши со изработка на земјен насип покрај свлечиштето , и предвидените активности за продолжување на втората фаза за реализација на техничкото решение каде на местото на предвиденият канал за атмосферски води треба да се пробие пат до вториот предвиден потпорен ѕид.

3.5. J – Комунални дејности

За комунални дејности во буџетот за 2006 година беа планирани средства во износ од 39.557.200 денири, а се реализирани 36.678.685 денари.

Ставките од оваа позиција се реализирани целосно . На дел од ставките реализација на предвидените позиции е незнатно повисока (секаде каде има пречекорување на предвидените средства пречекорувањето е помало од 10 %) и тоа е настанато за довршување на работите од аспект на функционалност или непредвидени работи од подземната инфраструктура.

Позиција ЈА Ставката за оваа позиција се искористи за поставување на нови мрежи на улично осветлување и тоа во индустриската зона Комплекс УЗУС, Спортскиот терен на ООУ "Кирил и Методиј", проширени се постојните мрежи во : Речани, Отовица, Г. Оризари, Башино Село, Лавчани, осветлување на плоштад во с. Каласлари, на улиците :"Невена Георгиева Дуња", "Камка Тоцинова", "Румена Хаџи Панзова", "Димко Најдов",

Позиција Ј6 Средствата од ставката во оваа позиција се искористија за изградба на некои улички за кои граѓаните сами покажаа иницијатива за учество со работна рака а материјал од општината , истите се во многу лоша состојба а претставуваат фрекфентни улици("Маца Овчарова"),како и санација на улица во с.Сливник.

Позиција ЈД Средствата од ставката во оваа позиција се искористија за изградба на улици , тротоари и потпорни ѕидови. Се изгради третиот крак од улицата "Живко Фирфов", се доврши изградбата на улицата "Белградска", се изработи дел од улицата "Керамидна" - врска со нови гробишта, се направи реконструкција на коловозот на надвозникот на "Вардарска", тротоар на улица "Индустриска", се изградија потпорни ѕидови на улиците "Белградска", "Андреја Дамјанов" и "Питу Гули". Се изработи пешачка патека на спојот на ул. "Моша Пијаде" и општината, се изврши санирање на карпите на ул. "Максим Горки", се иградија автобуски постојки на улицата "Алексо Демниевски" и "Петре Прличко", се доврши израдбата на локалниот пат кон село Црквино.

Позиција ЈН Урбана опрема(капитални расходи) Средствата од ставката на оваа позиција се искористија за задоволување на зголемениот интерес и потребата на граѓаните за поставување на клупи. Оваа година интересот на граѓаните е драстично зголемен во однос на претходните години. Поставени се голем број на клупи во сите урбани заедници и месни заедници и сеуште има побарување.

3.7.К – Култура

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2006 година беше донесена во транспарентна постапка, во две фази, како нацрт и предлог документ, во планиран износ од 9.404.601 денари а се реализира во износ од 7.019.965 денари.

Претходната 2005 година кога Велес беше прогласен за Град на културата во Република Македонија, потврди дека во Велес има и потенцијали и публика за презентација на културата во области: ликовна, музичка, сценска итн. и на сите нивоа - од аматерско до високо професионално. Од овие причини Програмата за 2006 година е речиси со истиот обем како и претходната од 2005 година.

Со децентрализацијата во културата и преземањето на основачките права на институциите од областа на културата и нивно трансформирање во локални установи – Локалната библиотека „Гоце Делчев" и Народниот музеј", Програмата за култура се прошири со податоците за трансферот на средства за овие установи.

Програмата за култура опфаќа четири дела: културни манифестации што се реализираат во текот на календарската година, инвестиции со кои се создаваат уметнички добра, трансфер на средства кон локалните културни манифестации и други расходи.

1.Манифестации

Во Програмата е предвидено реализирање на 22 манифестации од меѓународен, републички и локален карактер, но некои од нив опфаќаат поголем број содржини како на пример меѓународните фестивали или Велешкото културно лето, така што оваа бројка на културни настани, заедно со одржаните промоции на книги и изложби на ликовни дела е околу 80.

Реализирани Меѓународни културни манифестации се:

-43-тите Рацинови средби

-III Меѓународен фолклорен фестивал „Велес"

-V-тиот Фестивал на античка драма „Стоби"

-II Меѓународна сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори".

-Презентирање на велешката култура во странство

За Рациновите средби,Фолклорниот фестивал и Фестивалот на античка драма Советот на Општина Велес усвои поединечни наративни и финансиски извештаи подготвени од организационите одбори на манифестациите.

II Меѓународна сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори" се одржа во периодот од 10 – 20 јули 2006 година во с. Папрадиште. На неа учествуваа 10 сликари, 3 копаничари, еден скулптор и еден професор по уметничка фотографија. Од учесниците 4 беа гости од Велика Британија, Бугарија и Србија, а останатите беа од Република Македонија и Велес. Раководител на сликарскиот дел од колонијата беше академскиот сликар Александар Јовановски, а на копаничарскиот копаничарот Љубомир Бисин. Од колонијата во сопственост на Општина Велес останаа 20 слики масло на платно, 3 длабокореза, една скулптура во дрво и преку 1000 уметнички фотографии снимени на 4 ЦД-а.

Делата од колонијата се врамени и за нив е изработен каталог. На јавноста и беа презентирани на изложбата поставена по повод општинскиот празник 9-ти Ноември. Финансиската конструкција на колонијата изнесува 223.119 денари, без средствата за исхрана на учесниците кои се исплаќаат од друга ставка во буџетот.

Во 2006 година Градскиот црковен хор „Св. Пантелејмон“ го претставуваше Велес на Балканските хорски смотри во збратимениот град Свиштов во Република Бугарија.

100 дена Велешко културно лето беше една од покомплексните културни манифестации која во себе содржи културни настани во организација на Општина Велес, во соработка со локалните установи од областа на културата и во соработка со здруженија на граѓани.Таа ги опфати културните збиднувања одржани во Велес во периодот од 10-ти јуни до 8-ми септември 2006 година

Позначајни од нив се: Смотрите на старогрдски песни, манифестацијата „Во недела заедно“, Концертот „Илинден“, концертот организиран по повод 8-ми Септември итн.

Традиционални културни манифестации одржани во 2006 година се: Питијада – избор на Пита мајстор за 2006 год. Априлијадата, манифестацијата „Велигденско јајце“, Градската манифестација Источен петок Балаклија, Прв училишен ден, Детските Рацинови средби, два саема на книгата (пролетен и новогодишен) итн.

На негувањето на културата, традициите и обичаите на заедниците во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2006 година е посветено особено внимание. Овде се вбројуваат двете манифестации „Средби на Бошњаците од Република Македонија“ што се одржува на 6 мај во с. Горно Оризари и „Пеливански натпревари“ на кои се презентира фолклорот и обичаите на Албанската заедница и се одржува по повод 8-ми септември во с. Бузалково. Исто така од Програмата се одвоени средства за обележување на празниците на Ромите и Турците од Општина Велес, во организација на здруженија на граѓани од овие етнитети и гостување на ромски и турски КУД од Велес во други општини во Република Македонија.

Обележувањето на Денот на Општината 9-ти Ноември и врачувањето на Актерската награда за животно дело Петре Прличко исто така беа проследени со културни настани.

Една од најмасовните културни манифестации реализирани согласно програмата е Дочекот на Новата 2007 година.

Обележувањето на значајни настани и личности се реализираше според посебно изготвена програма, а се финансира од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата.

Од оваа Програма се поддржуваат и Ликовните работилници во ДПУ „Маца Овчарова“ и во Дневниот центар за деца со посебни потреби, како и Ликовната изложба во Гимназијата „Кочо Рацин“.

2.Инвестиции

Инвестициите во областа на културата согласно Програмата за 2006 година овозможија Општина Велес да добие трајна поставка на портрети на знаменити велешани – 15 поединечни и еден заеднички на Гемиџиите, Изградба на Ликовен салон со сала за венчавање и нејзино опремување со намештај во длабокорез, Реконструкција на покривот на бараката во Младинскиот парк, партиципација во изградбата на Соборниот храм „Св. Кирил и Методиј“ и Трајна поставка на цртежи на Рацин од Перо Коробар, подарок на Општина Велес од семејството Коробар.

Финансиски се поткрепени и Археолошкото истражување на локалитетот Латински гробишта и снимањето на филмот посветен на Кочо Рацин „Елегии за тебе“.

3.Трансфер на средства

Овој дел од Програмата ги содржи наменските расходи и расходите од самофинансирање на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ и Локалната установа Народен музеј.

4.Други расходи

Во Програмата во Други расходи се планирани средствата за персонален данок и репрезентација на културните манифестации. Меѓутоа бидејќи буџетското работење не ги издвојува овие трошоци направени за културни манифестации од истите такви направени по други основи, сите трошоци за персонален данок и репрезентација на Општина Велес се прикажани збирно во Програма Администрација.

НАЧИН НА РЕАЛИЗИРАЊЕ

Бидејќи основна цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2006 година е обезбедување на активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од објаста на културата, сочувување и афирмирање на културното наследство и идентитет на општината и презентирање и афирмирање на творците и интерпретаторите на културата, Општина Велес во реализирањето на програмата вклучи голем број на граѓани, здруженија на граѓани и уметници од различни профили.

Организирањето на културните манифестации, обезбедувањето на просторот, проектните активности, одржувањето на објектите сопственост на општината во кои се одржуваат културните настани ги обезбедува општинската администрација.

3.5 Л – Спорт и рекреација

Со стапувањето во сила на Законот за децентрализација, Советот на Општина Велес ги презеде потребните мерки и активности за негова целосна примена. Користејќи го законското право Општина Велес ги делегираше надлежностите од областа на спортот на Здружението на граѓани "Сојуз на спортови" Велес кое од 01.04.2006 ја реализираше Програмата во делот што се однесува на спортот.

По донесувањето на Програмата, Сојузот на спортови, во соработка со своите членки спортските клубови, друштва и организации, пристапи кон нејзина практична реализација.

Програмата од областа на спортот во 2006 година опфаќа:

I. Традиционални спортски манифестации
II. Поддршка на спортски сојузи
III. Масовна физичка култура
IV. Поддршка на спортот во градот
V. Изградба и реконструкција
VI. Набавка на спортска опрема
VII. Реализирани спортски активности надвор од програмата

I. Традиционални спортски манифестации

За сочувување на континуитетот од областа на спортот за кои постои интерес кај граѓаните, спортистите и спортските организации, организирани се и реализирани одреден број на спортски и спортско-рекреативни манифестации:

1.Ракометен меморијален турнир "Гајдов".

2.01 мај: Турнир во мал фудбал во с. Г. Оризари

3.24 мај: Отворени забавни фудбалски школи. Учество на околу 150 деца на возраст од 8 до 11 години во таканаречен фудбалски "Бонбон куп"

4.11 и 12 јуни, празникот на Мамутчево, организиран турнир во мал фудбал.

5.15.07 до о1.08: Турнир во мал фудбал "Тунел 2006"

6.25.07 до 10.08: Турнир во мал фудбал за млади категории кај спортски терени "Трајко Андреев"

7.01.08: Атлетска трка "Илинден"

8.02 и 03. 09: Одржан кајак слалом "Илинден 2006"

9.10.09: Турнир во борење на пеливани, во с. Бузалково

10. Јубилеј 50 години од одбојкарскиот спорт во Велес. Организиран е турнир и промовирана е книга за 50 години од постоењето на одбојката во Велес.

11. 11.11: Одржана манифестација во карате спортот во Велес

12. Избор и прогласување на најдобар спортист и спортска екипа 2006 година.

II. Подршка на спортски сојузи

Заради вклучување на младите во спортскиот живот на Општината, подржани се спортски сојузи кои во својата програма имаа зацртано реализација на такви активности во кои ќе бидат вклучени младите и граѓаните на Велес. Така, Општинскиот фудбалски сојуз во текот на 8 месеци мошне успешно го реализираше проектот "Општинска лига во мал фудбал за возрасни и пионери" кој наиде на голем интерес не само помеѓу граѓаните на Велес туку и во фудбалската јавност во Македонија, со оглед дека Велес е првиот и единствен град и Општина која реализираше ваков проект.

Исто така, Сојузот на училишен спорт, во рамките на своите програмски активности, со свои училишни екипи учествуваше на повеќе државни првенства и тоа во одбојка за пионери (освоено второ место) и за пионерки (освоено петто место), ракомет за пионери (освоено второ место), ракомет, одбојка и фудбал за младинки, кошарка и атлетика за младинци.

И Сојузот за спорт и рекреација на инвалидизирани лица ја реализираше својата програмска активност. Во деновите 07 и 14 октомври тие беа организатори и домаќини на Републичките натпревари за лицата со посебни потреби.

III. Масовна физичка култура

Спортските организации што беа организатори на градски првенства во одредени области беа финансирани согласно оваа Програма и тоа:

- градско првенство во спортски риболов,
- првенството во возење ролери
- "Сите на велосипед" по повод 22 март денот на пролетта и
-отворено велосипедско првенство одржано на 20 мај.

IV. Поддршка на спортот во градот

Согласно основните цели на Програмата, Општината Велес прави напори да го поддржи и да создава услови за што поголем развој на спортот во градот. Особено е важно да се подобруваат условите на локално ниво за развој на квалитетниот спорт.

Бидејќи средствата предвидени со Буџетот на Општината за 2006 година за оваа намена се ограничени, Советот на Општина Велес донесе Решение за распределба на средства во висина од 1.020.000 денари за поддршка на квалитетниот спорот во градот.

Согласно изградените критериуми најголем дел од средствата се доделени на спортски екипи кои се натпреваруваат во првата и втората лига, а потоа редоследно на екипите од пониските спортски рангови.

Средствата спортските екипи ги трошеа исклучиво наменски за плаќање надоместок за користење на спортските објекти, за подмирување на судиски и делегатски трошоци, за котизација за учество во лига и за патни трошоци на екипите. За начинот на трошење на средствата спортските организации поднесуваат извештај.

Корисници на средствата се:Фудбалскиот клуб "Борец", фудбалските клубови кои се натпреваруваат во општинската фудбалска лига во голем фудбал -КК "Велес 2000", ОК "Маслодајна", ОК "Борец" - женска екипа, КМФ "Велес", РК "Борец", РК "Весна", РК "Борец" - женска екипа, КК "Ангели", Кајакарските клубови: "Вардар", "Вила Зора" и "Бабуна", МВК "Велома", КГС "Партизан", ЗСР "Бабуна", СРД "Кристал", СК "Велес", АК "Изгрев".

V. Изградба и реконструкција

Согласно Програмата со средства од Буџетот на Општина Велес изградени се спортските терени во с. Д. Караслари, дел од отворените спортски терени во с. Бузалково, изградени се дополнителни трибини за посетителите во спортскиот центар "Тунел", извршени се интервенции и градежни зафати на кровната конструкција на спортската сала на ООУ "Благој Кирков".

VI. Набавка на спортска опрема

За задоволување на потребата за реализација на дел од спортските активности, набавени се одредени спортски реквизити (топки, мрежи и сл) неопходни за одржување на спортските манифестации.

VII. Реализирани спортски активности надвор од Програмата

Во извештајниот период реализирани се активности од областа на спортот кои не беа содржани во Програмата за 2006 година, а кои со актуелноста и општиот интерес придонесоа за развојот на спортот во Општина Велес. Тоа се:

1.Меѓународна средба во мал фудбал помеѓу Македонија и Полска

2.Трка на мирот, трка за светска хармонија, одржана на 16 мај 2006 година

3.Пионерски фудбалски турнир "Превалец 2006"

4.Меѓународен Пионерски фудбалски турнир

Начин на реализирање

Бидеејќи основна цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на спортот за 2006 година беше обезбедувањето на активниот однос на Општината кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните од областа на спортот, сочувување и афирмирање на постојниот квалитет, презентирање и афирмирање на Општина Велес преку спортот, во реализацијата на Програмата учествуваа постојните регистрирани спортски организации и нивните управни органи во кои пак членуваат голем број на спортисти, граѓани од различна возраст и од обата пола, а целокупната координација ја извршуваше здружението на граѓани "Сојуз на спортови" на која и се делегирани надлежностите од областа на спортот.

Поддршка на НВО секторот

Делот од Програмата што се однесува на поддршка на НВО секторот и младите подразбира партиципација на Општина Велес во проекти што се реализираат партнерски со здруженијата на граѓани. За 2006 година тоа се однесува за учеството на Општината во проектите што се реализираа преку проектот „Развој на општините и културата".

Втората ставка се однесува за подмирување на комуналните трошоци во Домот на НВО.

3.9.М – Социјална заштита и заштита на децата

Оваа програма ги опфаќа детските градинки и социјалната заштита на децата . За реализација на оваа програма беа планирани средства во износ од 11.680.331 денари а се реализирани 10.489.913 денари.

Согласно законските прописи Општина Велес ја делегираше социјалната заштита на Здружението на граѓани „Иницијатива за социјална поддршка", кое изготви елаборат за развојните потреби на заедницата и ги одреди приоритети на ранливите групи:

1. Создавање на услови за прифаќање на деца од улица

2. Создавање на услови за отворање Дневен центар за лекувани нарко зависници

3. Создавање на услови за отворање Дневен центар за лица со посебни потреби (од сите возрасти)

4. Создавање на услови за отворање на прифатилиште за жртви на семејно насилство

5.Создавање на услови за згрижување на бездомници

6. Создавање на услови за клуб за стари лица

7. Отворање на Народна кујна

8. Сервис служба за дотур на храна и лекови на стари и изнемоштени лица

Согласно надлежностите кои се делегираат на извршителот, во изминатиов период беа спроведени активности насочени кон поттикнување, поддржување и помагање на одделни групи граѓани во следниве области:

- Создавање услови за прифаќање на деца од улица

Со посредство на Општина Велес ЗГ„Нова"ОД Скопје, а во соработка со Центарот за социјална работа Велес и ,ОЈУДГ„ Димче Мирчев"-Велес , се реализира проектот „Социјална инклузија на воспитно запуштени деца", финансиран од Светска Банка.Со овој проект, во период од три месеци опфатени се 25 деца од 6 до 9 годишна возраст.Овие деца секојдневно се опфатени во просториите на ОЈУДГ „ Димче Мирчев", каде добиваат стручна помош од социјален работник и педагог.

- Создавање услови за отворање на Дневен центар за лекувани нарко зависници

Според изготвениот Елаборат на Здружението на граѓани „Иницијатива за социјална поддршка" и Програмата од областа на социјалната заштита на Советот на Општина Велес за 2006 година, беше предвидено отворање на Дневен центар за лица кои злоупотребуваат наркотични сретства.
Носител на предлог проектот е Медицински центар - Велес.Во контакти со донатори кои поддржуваат ваков вид на активности од Глобалниот Фонд, беше обезбедена сума за реконструкција и техничко опремување на објект за оваа намена. Општината обезбеди простории за отворање на овој објект, меѓутоа идејата наиде на отпор од месното население.

- Создавање на услови за отворање на клуб за стари лица

Здружението на граѓани „Иницијатива за социјална поддршка"како дел од тимот на Општина Велес, учествуваше во Тренингот за изработка на локален Акционен план, спроведен од Проектот за развој на општините, Министерството за финансии и Светска Банка. По извршената евалуација Општина Велес е рангирана меѓу првите три општини со што се квалификува за добивање на сретства за набавка на опрема за прво рангираниот микро-проект.Според предложениот проект „Клуб за стари лица" Општина Велес потпиша Меморандум за соработка со донаторот и обезбедени се сретства во износ од 480.000,00 мкд за набавка на техничка опрема, инвентар и мали градежни зафати.

Со реализација на проектните активности ќе се подобрат условите во постоечкиот Дом на пензионери, а преку реализација на доставената програма за

културни и спортски манифестации во период од 12 месеци, ќе се влијае на зголемено учество во социјалните активности на оваа категорија на граѓани.

-Создавање на услови за отворање на прифатилиште за жртви на семејно насилство

Со оглед на постојаниот пораст на појавата на семејно насилство, како еден од приоритетите за делување беше посочена токму и оваа област.

Во тек е изнаоѓање на соодветен простор кој би преставувал засолниште или Шелтер центар на лицата жртви на семејно насилство. Изнаоѓањето на стамбен простор оди отежнато заради специфичните потреби од обезбедување на соодветна локација, која ќе овозможи сигурност и дискреција на жртвите.Според зацртаната програма на ИСП, очекуваме до истекот на годината, Шелтер центарот да биде адаптиран за згрижување на жртвите од семејно насилство.

-Создавање на услови за згрижување на бездомници

Општина Велес, преку Центарот за социјална работа, а во соработка со Министерството за труд и социјална политика во зимскиот период веќе згрижи две лица од евидентираните случаи бездомници. Бездомниците беа сместени во прифатниот центар Катланово. Преку сретствата за јавно информирање беше издадено и соопштение до граѓаните за пријавување до службите на сите забележани случаи.

-Отворање на Народна кујна

Општина Велес со Министерството за труд и социјална политика, потпиша Договор со која се изразува финасиска поддршка за реализација на проектот „Народна кујна". ОЈУДГ „Димче Мирчев" партиципира со приготвување на околу сто наменски оброци за корисниците на постојана парична помош постари од 65 години,пет дена во седмицата. Храната се приготвува во централната кујна, а потоа се дистрибуира до останатите 5 објекти. Корисниците ја подигаат од објектот кој е најблизок до нивното место на живеење.

Тековни активности

Покрај спроведените активности со претходно наведените ранливи групи, Општина Велес на почетокот на учебната година реализираше акција за помош на деца без родителска грижа. На децата без родители , кои се ученици во основно и средното образование им беа обезбедени комплет учебници за соодветното одделение.

Здружението на граѓани „Иницијатива за социјална поддршка" учествуваше во сите работилници на Проектот за развој на општините реализиран од невладината Светска банка преку асоцијацијата „Басме" чија целна група беа општините од Повардарскиот регион. На овие работилници примерот на Општина Велес за делегирана надлежност на здружение на граѓани од областа на социјалната заштита беше потенциран како единствен во државата и како исклучително успешен во периодот кога општините сеуште немаат оформена стручна општинска администрација од оваа област.

Акциониот план изготвен од ЗГ„Иницијатива за социјална поддршка" беше презентиран како модел по кој им се сугерираше на останатите општини од регионот да ги планираат своите активности.

3.10. Н - Образование

Со децентрализацијата во образованието Општина Велес од 01.07 2005 година ги презеде основачките права на 4 средни, 8 основни и 1 основно музичко училиште. Иако во почетокот стануваше збор само за трансфер на средства од државно на локално ниво, лошата инфраструктура во училишните објектите ја наметна потребата Општина Велес да предвиди дополнителни буџетски средства за интервенции иако капиталните инвестиции останаа обврска на државата. Овие буџетски средства се планирани во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2006 година што Советот на Општината ја донесе во транспарентна постапка во две фази – како нацрт и предлог документ.

Затечената состојба во образованието на територијата на Општина Велес, не само запуштената инфраструктура туку и намалениот број на ученици, високите давачки за превоз, огрев и одржување итн. ја наметна потребата од преземање мерки за реформи кои ќе помогнат во остварувањето на основната цел: современо, ефикасно ефективно образование.

Согласно член 21 став 2 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр.52/02) и член 11 став 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование („Службен весник на РМ“ бр.63/04), основачот на основното училиште, односно Советот на Општина Велес, покренува и води постапка за престанување на работа на основното училиште, по добиена согласност од Министерството за образование и наука.

Оваа законска одредба послужи како основа за покренување на иницијативата за воведување на нов концепт на основно образование во Велес. По добиената согласност од Министерството за образование и наука за престанување со работа на ООУ„Трајко Андреев“ заради неисполнување на основниот минимум паралелки за постоење на посебен правен субјект, се изврши припојување на училиштето „Трајко Андреев“ со училиштето „Блаже Конески“. Со оваа трансформација се создадоа услови ОСУ „Јовче Тесличков“ да се пресели во ослободената училишна зграда на ООУ „Трајко Андреев“ заедно со својот административно-технички персонал и да ослободи 2.964 м2 вкупна површина.Овој простор ќе се искористи за реализирање на втората фаза од Концептот, односно вселување на ООУ„ЈХЌ Џинот“ .

Веднаш по донесувањето на оваа одлука Советот на Општина Велес донесе Одлука за утврдување на реоните на општинските основни училишта со што учениците од досегашното училиште „Трајко Андреев“ кои дотогаш се превезувале од приградските населби за вештачки да го одржуваат потребниот минимум ученици, ги насочи кон најблиското училиште до местото на живеење.

Оваа Одлука се применува од 01.07.2006 година. Училишниот распуст се искористи за преселба и организирање на работата во ООУ „Блаже Конески“ и УСО „Јовче Тесличков. Од третиот квартал распределбата на сретствата за ООУ „Трајко Андреев“ се пренасочи кон ООУ „Блаже Конески“ како негов правен наследник.

Активности

Согласно Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2006 година, активностите се насочени кон реализирање на трансферот на средства за

-наменска дотација за основно образование

-наменска дотација за средно образование

- наменска дотација за превоз - основно образование

-приходи од самофинансирање – основно образование

- приходи од самофинансирање – средно образование

- други приходи – основно образование

- други приходи – средно образование

Планираните трансфери се реализирани во целост меѓутоа средствата за наменски дотации за 2006 година не се доволни да ги подмират направените трошоци за нафта, струја, вода и превоз кои изнесуваат вкупно 8.367.707 денари или за превоз на ученици 2.915.326, за нафта 4.591.097, за електрична енергија 616.208 и за вода 245.076 денари.

Инвестиции

- ОСУ „Јовче Тесличков“ – вмрежување на информатичка опрема (по друга програма – 45.000 ден)
- ООУ „Св. Кирил и Методиј“ – ПУ во с. Црквино, санација на кровна конструкција - 49.022 денари (санација на таван; поставување олуци, бетонирање и малтерисување по друга програма)
- ООУ „Благој Кирков“ – уредување на 7 училници со винфлекс подови – 549.087 денари (санирање на кровна конструкција во спортска сала – по друга програма)
-ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ Иванковци (Санитарни јазли по друга програма)
- ПУ с. Сујаклари –Фекална канализација - 271.149 ден.

ЗАКЛУЧОК

Следејќи ги основните цели на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2006 година – обезбедување активен однос кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните од објаста на образованието, Општина Велес активностите поврзани со образованието ги предвиде и во другите програми. Така на пример во програмата за култура голем дел од манифестациите се директно поврзани со учеството на учениците: Денови на пролетта, Априлијада, Велигденско јајце, Во недела заедно, Прв училишен ден итн.

Зачленувањето на првачињата во Светската детска организација беше збогатено со гостување на Театарот за деца и младинци од Скопје со претставата „Итар Пејо“, во рамките на Детската недела, Општина Велес беше домаќин на завршната манифестација од конкурсот „Недовршен расказ“. Од Програмата за спорт издвоени се средства за санирање на спортски објекти и спортски терени што ги користат учениците. Со изградбата на Ликовниот салон се создадоа улови учениците од ООМУ „Киро Димов“ своите јавни часови да ги држат во соодветен простор без никаков надоместок итн.

3.11. W – Противпожарна заштита

Со процесот на децентрализацијата, во согласност со Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ 5/02)“ територијалните противпожарни единици преминаа во надлежност на општините. Општина Велес меѓу првите во Македонија ги имплементираше новите надлежности во сферата на противпожарната заштита и ги презеде вработените од Територијаната противпожарна единица вклучувајќи ги во актот за систематизација. Беа преземени 25 од вкупно 26 пожарникари.

Во текот на процесот на преземање на надлежностите, на едно лице поради издржување на казна затвор подолго од шест месеци му беше прекинат работниот однос, средствата за плата беа укинати и ТППЕ остана во надлежност на Општина Велес со вкупно 25 вработени.Во согласност со Законот за пожарникарство, средствата за плати и надоместоци за плати за вработените во Територијалната противпожарна единица се обезбедени од Буџетот на РМ, додека средствата за финансирање на другите оперативни активности и тековно одржување се обезбедуваат од Буџетот на Општина Велес. Поради тоа, во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата и спасувањето и противпожарната заштита во 2006 година, за плати и надоместоци за плати на вработените планирани се средства од Буџетот на РМ во вкупен износ од 8.800.600, што е во согласност со Распределбата на наменските дотации за плати и надоместоци на пожарникарите , а потрошени се вкупно 8.555.115 денари. Разликата е настаната поради користење на подолго боледување на едно лице.

Согласно Законот за пожарникарство „(Сл. весник на РМ 67/04)“, општините кои не формирале територијална противпожарна единица учествуваат во финансирањето на противпожарната единица која го покрива нивното подрачје. По тој основ во Буџетот на Општина Велес за 2006 година беа планирани средства од буџетите на општините Градско и Чашка, каде интервенира ТППЕ од Велес. Меѓутоа, во текот на 2006 година и покрај тоа што имаше голем број интервенции на територијата на овие две општини, во Буџетот на Општина Велес од двете општини не се префрлени средства. Ова е сериозно прашање на кое во наредната година мора да му се посвети соодветно внимание и се изнајде заедничко решение дали, како и по кои критеиуми другите општини ќе учествуваат во финансирањето на Територијалната противпожарна единица.

Бидејќи финансирањето на Територијалната противпожарна единица во 2006 година за прв пат премина во надлежност на општините, планирањата се правеа врз основа на историските трошоци и не можеше реално да се испланираат расходите. Исто така, трошоците за струја, вода, греење и другото тековно одржување на објектите било заедничко со службите на Министерството за внатрешни работи, кои и денес работат во една од зградите со кои е поврзана ТППЕ преку заеднички струјомер, водомер и парни котли за централно греење. За покривање на овие трошоци планирани се повеќе средства отколку што се потрошени, поради економичното работење на вработените.Во текот на 2006 година со крајно домакинско работење сведени се на минимум и трошоците за поправки на возилата и другиот инвентар со кој располага територијалната противпожарна единица.

4. Изјава од одговорен сметководител

Општина Велес води целосна и комплетирана , навремена , ажурна и хронолошка сметководствена евиденција на сите книговодствени настани.

Признавањето на приходите и другите приливи и расходите и другите одливи содржани во главната книга на буџетот се спроведува според начелото на парично искажување.

Целокупното финансово материјално работење за деловната 2006 година е засновано на веродостојни документи – влезни и излезни кои се предмет на книжење на главната книга .

Одделните расходни ставки кои се поминати преку трезорската книга се засновани на спецификации и договори согласно Законот за јавни набавки.

